Врз основа на член 383, 384 и 387 од Закон за трговските друштва и член 20 од Статутот на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово Одборот на директори на друштвото објавува:

**Ј А В Е Н   П О В И К**

За свикување на Годишно Собрание на акционери на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово, со седиште на ул. 11-ти Ноември 87А, Куманово.

Седницата на Собранието ќе се одржи на ден 30.05.2024 година со почеток во 12,00 часот во седиштето на друштвото.

За работата на седницата на Собранието Одборот на директори го предлага следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

I. **ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ**

1. Верификација на списокот на присутни акционери односно нивни полномошници

2. Утврдување на кворум за работа и одлучување

3. Избор на бројачи на гласови

- Записникот ќе го води Нотар

II. **РАБОТЕН ДЕЛ**

1. Избор на претседавач на Собрание на акционери

2. Разгледување и усвојување на Годишна сметка, Финансиски извештаи и Годишен извештај за работата на друштвото за деловната 2023 година и Извештај на независни ревизори и донесување на Одлука

3. Донесување на Одлука за покривање на загуба по годишната сметка и финансиски извештаи за 2023 година.

4. Одобрување на работа на членовите на Одбор на директори.

7. Разгледување и усвојување на Годишен извештај на Службата за внатрешна ревизија за 2023 година и донесување на Одлука.

8. Назначување на овластен ревизор за ревизија на годишна сметка и финансиски извештаи за 2024 година.

**Вкупниот број на акции во ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО е 491.000 акции.**

**Вкупен број на гласачки права кои произлегуваат од акциите со право на глас во ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО на ден на објава на јавен повик е 491.000 акции.**

Се повикуваат акционерите да го пријават своето учество на Собранието.

Секој акционер кој има намера да учествува на Собранието е должен да го пријави своето учество на Собранието **(пријава за учество на Собранието)** најдоцна пред почетокот на седницата на свиканото Собрание.

Пријавите да се достават до ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО - Одбор на директори на Друштвото или по електронски пат на **info@fzc11oktomvri.com.mk**

**Собранието ќе одлучува само за прашањата кои се уредно ставени на дневниот ред согласно Законот за трговските друштва.**

Гласањето по точките од дневниот ред ќе се врши на начин согласно Законот за трговските друштва.

Секој акционер може да овласти свој полномошник со писмено полномошно за што е должен да го извести Друштвото по писмен или електронски пат.

Податоци за начинот на испраќање на известувањата за полномошната и обрасците за гласање преку полномошник се достапни на официјалната интернет страница на Друштвото **www.fzc11oktomvri.com.mk.**

Согласно Законот за трговските друштва, акционери кои поединечно односно заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас имаат право да доставаат предлог за дополнување на дневен ред и одлуки по точките од дневниот ред

Акционерите можат да доставаат предлози за вклучување на нови точки во дневниот ред, предлози на одлуки и прашања во рок од осум дена од денот кога е објавен јавниот повик во дневен весник, а подетални информации за постапката на доставување на предлози и прашања може да се најдат на официјалната интернет страница на друштвото **www.fzc11oktomvri.com.mk.**

Секој акционер има право да поставува прашања по секоја од точките од дневниот ред на седницата на Собранието на Друштвото. Одговор на поставените прашања се дава на самата седница или преку интернет страницата на Друштвото.

Материјалите за Собранието на Друштвото и дополнителни информации согласно Законот за трговските друштва им се достапни на акционерите од денот на објавувањето на овој повик, секој работен ден во седиштето на Друштвото на улица 11 Ноември 87А во Куманово и на официјалната интернет страница на Друштвото **www.fzc11oktomvri.com.mk.**

**ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ НА ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО**